**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1003-486/4**

**Скопје, 26.06.2006 година**

**ДО**
**ПОЛИЦИСКА АКАДЕМИЈА**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Полициската академија за 2005 година, на сметката за редовно работење кои се прикажани на страниците од 8 до 9.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија ниту е издаден извештај за финансиските извештаи на Полициската академија за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој Извештај, застапувано од:
   - ✓ Слаѓана Петровска, директор на Полициската академија

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните од 1 до 7, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 14.03 до 29.04.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да го изрази своето мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој Извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

### 10.1. Слабости во фунционирањето на системот на интерни контроли

Во оваа точка на Извештајот ревизијата ги презентира клучните наоди, ризици и контролни аспекти кои се резултат на испитувањето на ефикасноста на системот на интерни контроли.
Резултатите се добиени преку разговори со раководството и вработените во Полициската Академија, како и преку преглед на основните документи.

10.1.1. За евидентирање на сметководствените настани се користи застарена информатичка опрема, мрежно неповрзана и софтвер кој не е обезбеден со соодветна заштита и back up на податоците, поради што истите не се целосни и точни, со можност за нивно бришење од евиденцијата.
Како резултат на наведеното, контролниот систем е незадоволителен и можни се грешки и пропусти на контролите. Поради тоа, во смисла на интегритетот, веродостојноста и сеопфатноста на сметководствената евиденција, ризикот е оценет како висок.

**Препораки и мерки**

Да се обезбеди соодветна информатичка опрема, мрежно поврзана како и системски софтвер за правилно, целосно, точно и брзо обработување на податоците.

### 10.2. Неусогласеност на законските прописи

10.2.1. Полициската академија е високообразовна државна установа, основана со Закон за Полициска Академија, според кој, за работењето на Академијата важат и одредбите од Законот за високо образование и Законот за научно-истражувачка дејност.
Во Законот за Полициска Академија наведени се надлежностите на Министерот и Министерството за внатрешни работи, но не е наведено дека, одредбите од Законот за внатрешни работи се применуваат на Академијата. Несообразената законска регулатива оневозможува јасно дефинирање на статусот на Академијата и на надлежностите на органите на Универзитетот и

Министерството за образование од една и Министерството за внатрешни работи од друга страна, при што:

- Во Законот за Полициска Академија, наведено е дека Статутот како основен акт, го донесува Управата на Академијата по претходна согласност на Министерот за внатрешни работи. Според Законот за високо образование, статут на високообразовна установа донесува Наставно-научниот совет, по претходна согласност од Сенатот на Универзитетот.

- Според член 23 од Законот за Полициска академија, Управата на Академијата, покрај Статутот, е надлежна за донесување и на другите општи акти. Но, според член 27 од истиот Закон и според Статутот на Академијата, Директорот на Академијата го донесува Актот за организација и работа и за систематизација на работните места, по претходна согласност на Министерот за внатрешни работи, како и Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци по претходна согласност на Управата на Академијата.

- Според Законот за Полициска академија, Министерот за внатрешни работи го именува односно разрешува Директорот на Академијата, а Според Законот за високо образование, Наставно-научниот совет избира и разрешува декан и продекани, односно директор и заменик на директорот.

- Министерот за внатрешни работи дава согласност на студиските и предметните програми кои ги донесува Наставно-научниот Совет. Според Законот за високо образование, Ректорската управа на универзитетот дава согласност за истите.

- Според Законот за Полициска академија, бројот на редовни и вонредни студенти за запишување на Академијата е на предлог на Министерот за внатрешни работи, а според Законот за високо образование на предлог на Наставно-научниот Совет.

- Според Законот за Полициска академија, Министерот за внатрешни работи ги именува и разрешува надворешните членови на Управата. Според Законот за високо образование, Управата нема надворешни членови, односно е составена од декан, односно директор, продекани, односно заменици на директорот и раководителите на внатрешните наставно-научни, односно на наставните организациони единици и претставници на студентите.

- Полициската Академија поднела Барање за членство на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Барањето е повлечено, без образложение за причините за повлекување. Полициската академија сега е член на Битолскиот универзитет.

Како резултат на наведените неусогласености во законските акти, ревизијата го констатира следното:

- Управата донела Статутарна Одлука за дополнување на Статутот на Академијата, според која, Управата е надлежна за утврдување на платата на Директорот и за давање претходна согласност на



*ул: “Маршал Тито” - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311 -----------------------------

Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци, а Директорот е надлежен за донесување на истиот.
Статутарната Одлука за дополнување на Статутот не е донесена од Наставно-научниот совет, по претходна согласност од Сенатот на Универзитетот, спротивно на Законот за високо образование.

- Донесен е акт за систематизација на работните места, во согласност со Законот за внатрешни работи, чии одредби, според Законот за Полициска Академија, не важат за работењето на Академијата. Со актот предвидени се работни места за овластени службени лица, кои не соодветствуваат со истите во Министерството за внатрешни работи. Во Академијата се врши високообразовна и едукативна дејност, односно вработените не се работници на полицијата и оперативни работници, не вршат полициски и оперативни работи и не раководат со одредени организациони единици на Министерството за внатрешни работи.

- Платите на вработените се исплаќаат според листата за плати од 1999 година, донесена од директорот на Центарот за образование на кадри за областа на безбедноста, чиј наследник е Академијата. Министерството за финансии ја стопирало исплатата на плати според Листата на плати од 2004 година, но за тоа Академијата не била писмено известена. Во 2005 година, Директорот на Академијата, по претходна согласност на Управата, донел Правилник за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените во Полициската академија, но Министерството за финансии не дало позитивно мислење за овој акт, бидејќи со истиот, правото за исплата на нето платите е повисоко од утврденото со Законот за исплата на плати.

- Управата на Академијата доставила барање до Владината Комисија за кадровски и административни прашања, за утврдување на вредноста на бодот за исплата на плата на Директорот. Барањето е одбиено, бидејќи Комисијата е надлежна за утврдување на вредноста на бодот на функционери кои ги именува Владата на Република Македонија.

**Препораки и мерки**

- Да се преиспитаат одредбите од Законот за Полициска Академија, во смисла, допрецизирање на статусот на Академијата како високообразовна државна установа, членка на Универзитет.

- Академијата да ги ревидира подзаконските акти и да ги усогласи со одредбите на Законот за Полициска Академија.

## 10.3. Неправилности во искажување на билансните позиции

10.3.1. Со увид во извршениот попис на средствата и нивните извори, констатирано е дека пописот за 2005 година, како и за претходната година, не е извршен во рокот утврден со Правилникот и Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Имено, пописот за 2004 година е извршен по изготвувањето на завршната сметка, а за 2005 година, петнаесет дена по предвидениот законски рок.

10.3.2. Не е извршен попис на туѓите средства кои се наоѓаат во Академијата и за истите не се доставени пописни листи на субјектот кому тие припаѓаат. Земјиштето на кое е лоцирана Академијата е сопственост на Министерството за правда, а четири возила се сопственост на Министерството за внатрешни работи.

10.3.3. Не е извршен попис на побарувањата и обврските, спротивно на Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

Наведеното има влијание во вистинитоста и објективноста во искажување на средствата, изворите на средствата, побарувањата и обврските во финансискиот извештај Биланс на состојба.

**Препораки и мерки**

- Усогласувањето на состојбата на средствата, нивните извори, побарувања и обврски искажани во сметководството со фактичката состојба да се врши согласно Законот и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, при што да се имаат предвид рокот, сеопфатноста на сопствените и туѓите средства, побарувањата и обврските.
- Заради поуспешно спроведување на пописот, се препорачува одговорното лице да набави бар код читач.

### 10.4. Законско и наменско користење на средствата

10.4.1. Со увид во Билансот на приходи и расходи, ревизијата констатира дека, расходите поврзани со договорните услуги заземаат 8% од вкупните расходи на двете сметки на Полициската академија или 31% во споредба со расходите исплатени за нето плати. Во актите за систематизација и организација не се предвидени сите активности потребни за редовно функционирање на Полициската академија, но и оние што се предвидени неможат во целост да се реализираат, бидејќи Министерството за финасии не дава согласност за пополнување на работните места предвидени во систематизацијата. Имено, средствата за исплата на плати не го надминуваат определениот лимит, но расходите за договорни услуги се три пати повисоки од претходната година и имаат значајно учество во структурата на вкупните расходи на Полициската академија. Ова дотолку повеќе што, од една страна, во сегашната систематизација има непополнети работни места, а од друга страна има расходи за договори за дело, склучени со вработени лица од Академијата, но и за ангажирање лица, вработени кај друг буџетски корисник.

Структурата на трошоците од двете сметки е прикажана во **Графиконите 1** и **2**.

**Графикон 1.** ***Структура на вкупните трошоци од сметките за редовно работење и приходи наплатени од органи***




**Графикон 2.** ***Учество на расходите за договорни услуги во вкупните расходи за стоки и услуги***




**Препораки и мерки**

- Да се преиспитаат актите за систематизација и организација на работата, заради прецизирање на описот на работните задачи, а во функција на постигнување порационална организираност во работењето и намалување на трошоците предизвикани од дополнителни активности.

- Да се преиспита Одлуката за утврдување на надоместокот за вршење активности на додипломски студии и да се усогласи со Правилникот за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и вршење на високообразовни дејности. При тоа, да се има предвид нормативот за утврдување на бројот на потребните наставници односно соработници во зависност од бројот на часовите по наставник односно соработник, а не според бројот на предметите.

- Да се воспостави контролен механизам за проверка на актите за систематизација и организација на буџетски корисници чии вработени не се државни службеници. Министерството за финансии, во функција на економично, ефикасно и ефективно вршење на дејноста за која е основан субјектот, да има увид во предложените акти за систематизација на сите буџетски корисници и да одобрува согласност за работни места утврдени во усвоените систематизации. Ова, со цел намалување на вкупните буџетски расходи, бидејќи во спротивно, трошоците од ставката Други договорни услуги ќе заземат поголемо учество во структурата на Буџетот на Република Македонија.


*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311

11. Според наше мислење, поради значајноста на наодите изнесени во точката 10.1 за сметката за редовно работење, сметководствениот и интерниот контролен систем на информациските системи, не функционира соодветно и ефективно.

12. Според наше мислење, освен наодите изнесени во точките од 10.2 и 10.3, финансиските извештаи на Полициската академија за 2005 година вистинито и објективно ја искажуваат финансиската состојба и резултатот од финансиските активности во однос на важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, освен изнесеното во точката 10.4, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи.

14. **Ревизијата смета за неопходно да укаже на следното:**

14.1. Поради недоволната кадровска екипираност во Одделението за материјално-финансиско работење не постои разграничување на должностите и целосна распределба на одговорностите во извршувањето на внатрешните контроли. Имено, во Правилникот за систематизација предвидено е работно место – ликвидатор, кое е непотполнето, бидејќи нема согласност од Министерството за финансии, при што лицата кои работат како благајник и контер, покрај редовните работни задачи ги извршуваат работните задачи предвидени за ликвидаторот.

Во услови на наведеното контролно опкружување и организациона поставеност на функционирањето на Академијата, не е овозможено целосно следење на функционирањето на интерните контроли. Контролниот систем е незадоволителен, а ризикот за исполнување на задачите на соодветно ниво на квалитет е оценет како висок.

Ревизијата е на мислење дека Министерството за финансии треба да издава согласност за пополнување на работните места предвидени во систематизацијата, заради непречено извршување на основната дејност.

14.2. Во Билансот на состојба евидентирани се градежни објекти во износ од 24,264 илјади денари за кои Полициската академија нема обезбедено комплетна документација односно нема имотни листи согласно Законот за сметководство за буџети и буџетски корисници.

Полициската академија постапила согласно Законот за користење и располагање со стварите на државните органи и преку Јавното правобранителство на Република Македонија, поднела барање до Државниот завод за геодетски работи, за пренесување на правото на користење на недвижниот имот и запишување на правото на сопственост од Министерството за правда, односно од Казнено поправната установа Идризово, на име на Полициската академија.

**Скопје, 26/06/2006 година** **Овластен државен ревизор**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 42,474 | 54,840 |
| **Вкупно приходи** | | **42,474** | **54,840** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 34,521 | 30,724 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 7,551 | 23,568 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3. | 25 | 49 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **42,097** | **54,341** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3.1. | 377 | 499 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **377** | **499** |
| **Вкупно расходи** | | **42,474** | **54,840** |

Образложенијата дадени на страна од 10 до 17 се составен дел на финансиските извештаи



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.1. | 422 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2. | 12 | 1,284 |
| Залихи | 4.1.3. | 5 | 7 |
| **Вкупно тековни средства** | | **439** | **1,291** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 36,229 | 33,208 |
| **Вкупно постојани средства** | | **36,229** | **33,208** |
| **Вкупна актива** | | **36,668** | **34,499** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 12 | 1,215 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **12** | **1,215** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 36,508 | 33,130 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **36,508** | **33,130** |
| **Извори на други средства** | | **148** | **154** |
| **Вкупна пасива** | | **36,668** | **34,499** |

Образложенијата дадени на страна од 10 до 17 се составен дел на финансиските извештаи



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311

*Овластен Државен ревизор*

-----------------------------